Член 43

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за куќниот ред во Прифатнот центар за странци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/07, 53/09 и 75/13).

Член 44

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-34615/1
31 март 2020 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
Наќе Чулев, с.р.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП

1378.

ОПШТА ПРЕСМЕТКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИБРАНИТЕ АВТОРСКИ НАДОМЕСТОЦИ ПО ОСНОВ НА ПРАВО НА ЈАВНО СООПШТУВАЊЕ НА МУЗИЧКИ НЕСЦЕНСКИ ДЕЛА ЗА 2019 ГОДИНА

I) Репартициони класи за јавно соопштување на музички несценски дела се:

100) РАДИО

- Приходите од Јавното претпријатие македонско радио,
- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32, 33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).
- Приходи од радијските кабелски мрежи.

200) КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА

- Приходите од концерти на сериозна музика,

300) ТЕЛЕВИЗИЈА

- Приходите од Јавното претпријатие македонска телевизија,
- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32,33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл.весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).
- Дел од приходите од телевизиските кабелски мрежи.

400) ПРИРЕДБИ

- Приходите од забави, игранки,, другарски вечери, матурски, дипломски, модни ревии, артистички и спортски натпревари и сл.

500) УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ СО ЖИВА МУЗИКА

- Приходите остварени врз оваа основа.

600) КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА

- Приходи од концертите на популарна музика.

700) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ЛОКАЛНО НИВО

- Приходите од радио и телевизиски програмиски сервиси врз ова основа,
- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32,33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).
- Приходите од телевизиските и радијските кабелски мрежи.

800) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА РЕГИОНАЛНО НИВО

- Приходите од радио и телевизиски програмиски сервиси врз ова основа,
- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32,33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).
- Приходите од телевизиските и радијските кабелски мрежи.

900) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-РАДИЈА

- Приходите од радио програмиски сервиси врз ова основа,
- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32,33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).
- Приходите од телевизиските и радијските кабелски мрежи.

910) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-ТЕЛЕВИЗИИ

- Приходите од телевизиски програмиски сервиси врз ова основа,

- Дел од приходите од јавното пренесување т.е. јавното соопштување преку звучник, екран или друго техничко средство согласно чл. 32, 33 ст. 3 и 37 ст. 2 од Правилнокот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16).

- Приходите од телевизиските и радијските кабелски мрежи.

II) Фондовите на сите репартициони класи се товарат со трошоците на заштитата, распределбата и останатите трошоци на заштитата во единствен процент. Овие трошоци во календарската 2019 год. изнесуваа 15% согласно член 144 став 1 точка 4 од ЗАПСП („Сл. весник на РМ“ бр. 115/10; 140/10;51/11; 147/13; 154/15 и 27/16) и член 50 став 1 од Статутот на ЗАМП.

III) Врз основа на чл. 37 став 1 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16) фондовите на репартиционите класи се зголемени со средствата на организацијата остварени од камати на вложени средства во банка и други приходи, во износ од 30% се распределуваат меѓу авторите, сразмерно на исплатата на надоместокот кои тие го остариле согласно со податоците за користени дела од членот 135 став (1) од ЗАПСП а во износ од 70% се распределуваат меѓу авторите, во согласност со податоците за користени дела од системот за електронска евиденција, односно во согласност со податоците од член 135 ставови (6) и (7) од ЗАПСП.

Согласно на погореискажаното износот од 1.882.047,00 ден. остварен од камати на вложени средства во банка и други приходи се распределува во следните репартициони класи и тоа:

100) РАДИО	639.057,73 ден.
200) КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА	7.001,34 ден.
300) ТЕЛЕВИЗИЈА	210.199,96 ден.
400) ПРИРЕДБИ	293.109,84 ден.
500) УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ	
СО ЖИВА МУЗИКА	32.708,26 ден.
600) КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА	231.794,56 ден.
700) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ЛОКАЛНО НИВО	110.559,07 ден.
800) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА РЕГИОНАЛНО НИВО	99.915,90 ден.
900) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-РАДИЈА	37.225,33 ден.
910) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-ТЕЛЕВИЗИИ	220.475,01 ден.
ВКУПНО КАМАТА:	1.882.047,00 ден.

IV) Врз основа на чл. 37 став 2 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци („Сл. весник на РМ“ бр. 141/14 и 36/16) фондовите на репартиционите класи се зголемени со средствата кои организацијата ги прибира од корисниците, а се пресметуваат во паушални износи и средствата кои организацијата ги прибира од кабелско реемитување авторски дела, се распределуваат меѓу авторите сразмерно на исплатата на надоместокот кој тие го остариле во согласност со податоците за користени дела од системот за електронска евиденција односно во согласност со податоците од член 135 ставови (6) и (7) од ЗАПСП.

Согласно на погоре искажаното износот кој ЗАМП го има прибрано од корисниците, а е пресметан во паушални износи изнесува 27.854.096,00 ден. а износот кој ЗАМП го има прибрано од корисниците од кабелско реемитување по основ на музички дела изнесува 40.600.295,00 ден.

V) Авторските надоместици за заштитени дела во репартиционите класи РАДИО, КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА, ТЕЛЕВИЗИЈА, КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО, РЕГИОНАЛНО И ДРЖАВНО НИВО пресметани се по основ на вредност од еден поен.

Вредноста на еден поен утврдена е така што нето паричниот фонд на секоја од наведените репартициони класи е добиен по претходно наведена постапка, поделен со вкупниот фонд на поени на секоја репартициона класа, кои се добиени со обработка на податоците за емитувани и изведени музички несценски дела од соодветени програми.

VI) Авторските надоместоци за заштитените дела во репартиционите класи ПРИРЕДБИ, УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ СО ЖИВА МУЗИКА И КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА, пресметани се така што наплатениот авторски надомест за секој програм во поединечната репартициона класа распределен е на автори чии дела се јавуваат во тој програм сразмерно траењето на нивното изведување.

I. УТВРДЕНИ НЕТО ПАРИЧНИ ФОНДОВИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА ПО РЕПАРТИЦИОНИ КЛАСИ

Врз основа на Одлуката на Собранието на ЗАМП бр. 0201-115/1 од 30.3.2020 год. за приходите и расходите на авторските надоместоци собрани во 2019 год. по основ на мали права, како и Одлуката на Управниот одбор на ЗАМП бр. 0202-110/1 од 30.03.2020 год. утврдено е:

Вкупниот фонд изнесува:	107.338.013,00 ден.
Денарски депозити:	1.882.047,00 ден.
ВКУПЕН ФОНД:	109.550.060,00 ден.
10% издвоени во резервен фонд согласно чл.42 став 2 од Правилникот за распределба на авторските надоместоци и меѓународните договори.	- 10.955.006,00 ден.
ВКУПЕН НЕТО ФОНД ЗА РАСПРЕДЕЛБА ИЗНЕСУВА:	98.595.054,00 ден.

II. ПРЕСМЕТКА НА АВТОРСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА РЕПАРТИЦИОНИТЕ КЛАСИ РАДИО 100), КОНЦЕРТИ (С) 200), ТЕЛЕВИЗИЈА 300), ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ЛОКАЛНО НИВА 700), ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА РЕГИОНАЛНО НИВО 800), ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-РАДИЈА 900) И ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-ТЕЛЕВИЗИИ 910).

Врз основа на утврденитепарични фондови и поени на фондовите, пресметана е вредноста на еден поен во наведените репартициони класи:

100) РАДИО

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

41.507.205,00 ден. со вкупниот фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 14.55 ден.

200) КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

161.537,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен 0.89 ден.

300) ТЕЛЕВИЗИЈА

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

13.652.621,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 12.89 ден.

700) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ЛОКАЛНО НИВО

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

7.180.882,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 1.83 ден.

800) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

6.489.601,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 1.83 ден.

900) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-РАДИЈА

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

2.417.809,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 4.61 ден.

910) ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА НА ДРЖАВНО НИВО-ТЕЛЕВИЗИИ

Со поделбата на паричниот фонд од оваа репартициона класа во износ од

14.319.992,00 ден. со вкупен фонд на поени по овој основ, утврдена е

вредност на 1 (еден) поен за 2019 год. 81.72 ден.

III. ПРЕСМЕТКА НА АВТОРСКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА РЕПАРТИЦИОНИТЕ КЛАСИ

400) ПРИРЕДБИ

500) УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ СО ЖИВА МУЗИКА

600) КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА

Врз основа на утврдениот фонд, како и одлуката за оваа општа пресметка пресметани се авторските надоместоци на горе наведените класи како и вредноста на факторите и тоа:

		Износ:	вредност на фактор:
400) ПРИРЕДБИ	за 2019 год.	6.762.718,00 ден.	0.96
500) УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ СО ЖИВА МУЗИКА	за 2019 год.	754.655,00 ден.	0.83
600) КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА	за 2019 год.	5.348.034,00 ден.	0.82

Према наведените пресметки да се изврши поединечна пресметка и исплата на авторските надоместоци на домашните и странските автори и носители на авторски права за 2019 год.

Бр. 02-120/1
30 март 2020 година
Скопје

Собрание на ЗАМП
Претседател,
проф. **Живоин Глишиќ,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Цената на овој број е 90 денари

ISSN 0354-1622
2020093